**ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА**

# И З В Е Ш Т А Ј

За работата на Основниот суд Крива Паланка
за 2018 година

Јануари, 2019 година
Крива Паланка

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работа на Основниот суд Крива Паланка
## за 2018 година

## I. Извештај за статистика на предмети:

### 1. НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ:

Во 2018 година се примени вкупно 5378 нови предмети, од кои на кривичниот оддел 1.497 предмети, на граѓанскиот оддел 1.510 предмети, како и 2.371 т.н. административни предмети ("КР", „ПРК-Р", "СУ", "СПИ" исл.).

### 2. ОБЕМ НА РАБОТА:

Во текот на 2018 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 6.027 нови предмети, од кои 649 се нерешени предмети од претходната година, а 5.378 се новопримени предмети. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини) судот имал вкупно во работа 6131 предмет.

### 3. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:

Од новопримените 5.378 предмети во 2018 год., решени се 4.911 предмети, од кои на кривичниот оддел 1.378 предмети, а на граѓанскиот оддел 1.162 предмети (решени се и 2.371 т.н. административни предмети). Приливот на нови предмети не е совладан на ниво на суд за 467 предмети (на кривичниот оддел приливот не е совладан за 119 предмети, а на граѓанскиот оддел за 348 предмети. Ова се должи пред се' на несовладаниот прилив кај оставинските предмети доверени на нотарите-"О" (новопримен е 341 предмет, а решени се 137 предмети) и кај вонпарничните „ВПП" предмети (новопримени се 339, а решени се 216 предмети). Несовладаниот прилив кај вонпарничните предмети е резултат на енормниот прилив на предмети во текот на 2018 година, за надомест за ескпроприрана недвижност поради изградбата на магистралниот пат кон границата со Р.Бугарија. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини) во 2018 година се решени вкупно 4992 предмети.

### 4. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:

На крајот на извештајната 2018 година останале нерешени 1.116 предмети од сите видови.

Од вкупниот број нерешени предмети, најголемиот дел припаѓа на следните предмети:

-733 оставински предмети (сите доверени на нотарите);
-124 „ВПП" предмети;
-104 прекршочни предмети;
-24 имотни спорови;
-21 кривични (полнолетни);
-20 извршни-прекршочни („ИПРК") предмети;
-19 спорови од мала вредност "МАЛВП" предмети;
-18 „КУИКП" предмети;
-12 семејни спорови ("П2");
-11 работни спорови ("РО"), итн.

На крајот од годината останале нерешени и 23 повторно заведени предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини), така што нерешени останале вкупно 1139 предмети.

## 5. ОДЛУКИ ПО РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:

Во 2018 година од вкупно решените 1475 предмети, кои подлежат на жалба до второстепениот суд, 177 предмети или 12 % се потврдени, 9 предмети или 0,6 % се преиначени, 46 предмети или 3,1 % се укинати и 1 предмет или 0,06 % е делумно укинат.

## 6. ОДЛУКИ ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:

Од вкупно примените 4 одлуки по вонреден правен лек во 2018 год., сите 4 или 100 % се потврдени.

## 7. РАБОТА ПО УКИНАТИ ПРЕДМЕТИ:

Во извештајната 2018 година во работа биле вкупно 52 предмети со укинати одлуки од повисоките судови, од кои: 6 кривични (полнолетни), 1 "КС-КР", 7 прекршочни и 10 „МАЛВП", 10 „РО", 3 „ППНИ", 4 „ВПП", 9 "П1", 1 „ВПП1" и 1 „П4" (вкупно 38 укинати граѓански предмети). Во истата година се решени вкупно 37 вакви предмети, од кои: 5 кривични (полнолетни), 1 "КС-КР", 5 прекршочни и 26 граѓански предмети.

Нерешени останале вкупно 15 предмети, од кои: 1 кривичен (полнолетни), 2 прекршочни и 12 граѓански предмети (2 „МАЛВП", 6 „РО", 2 „ВПП", 1 „П1" и 1 „ВПП1").

## 8. СТАРИ ПРЕДМЕТИ:

Во 2018 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 32 стари предмети, од кои: 1 „КС-КР" (кривичен совет вон главна расправа), 2 „ИКП" (извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал) предмети, 3 "К"-кривични (полнолетни), 2 прекршочни предмети, 6 предмети со повикани лица на издржување казна затвор-полнолетни ("КУИКП"), 2 работни спора („РО"), 1 "ВПП1" (физичка делба), 8 имотни спора ("П1"), 1 „О1" (оставина по приговор) и 6 спорови од мала вредност ("МАЛВП").

Од вкупниот број 32 стари предмети, решени се вкупно 23 предмети, а нерешени останале вкупно 9 стари предмети, од кои: 6 предмети со повикани лица на издржување казна затвор-полнолетни ("КУИКП"), и тоа: 1 од 2011 год., 1 од 2013 год., 1 од 2015 год. и 3 од 2016 год.; 1 работен спор („РО") од 2016 год.; 1 кривичен „К" (полнолетни) во кој всушност се работи за барање за повторување на постапката во предметот К.бр.131/15 и 1 предмет за физичка делба („ВПП1"), во кој всушност е поднесен предлог за продолжување на прекинатата постапка во предметот ВПП1.бр.20/16.

Во истата година се јавуваат како стари и 355 оставински ("О") предмети, доверени кај нотарите (8 се со предлози за решавање на дополнително пронајден имот од оставина), од кои е решен 41 предмет, а нерешени останале 314 предмети (1 од 2010 год., 24 од 2011 год., 29 од 2012 год., 55 од 2013 год., 54 од 2014 год., 56 од 2015 год. и 91 од 2016 год., како и 4 предмети од 2018 год. по предлози за расправање на дополнително пронајден имот од оставина во 2 предмети од 2012 год. и 2 предмети од 2013 год.).

## *А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:*

### 1. Определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП"):

Во 2018 година се примени 17 нови предмети со определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП"), колку што вкупно биле во работа, од кои се решени 16 предмети, а 1 останал нерешен.

### 2. Кривични ("К") предмети-полнолетни:

Во изминатата 2018 година се примени во работа 185 нови кривични (полнолетни) предмети и заедно со нерешените 11 од 2017 година, судот во работа имал вкупно 196 редовни предмети (вкупно 205 предмети заедно со 6-те укинати предмети по редовни и вонредни правни лекови и 3-те предмети оформени по барања за повторување на кривичната постапка и други причини). Од овие предмети се решени 175 редовни предмети и 7 повторно заведени предмети по редовни и вонредни правни лекови и барања за повторување на постапката, односно решени се вкупно 182 предмети, а на крајот на

годината останал нерешен 21 редовен предмет и 2 повторно заведени предмети-1 укинат од 2017 год. и 1 предмет по барање за повторување на постапката.

Кај кривичните предмети (полнолетни) приливот не совладан за 10 предмети.

Во 2018 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 182 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 16 или 8,7 %, 3 или 1,6 % се преиначени и 7 или 3,8 % се укинати.

### 3. Прекршоци (“ПРК”):

Во текот на извештајната година во работа се примени 666 нови предмети и заедно со нерешените 23 од претходната година, судот во работа имал вкупно 689 редовни прекршочни предмети, а вкупно 697 предмети заедно со повторно заведените 8 прекршочни предмети. Од овие предмети се решени 585 редовни предмети и 6 повторно заведени предмети (вкупно 591 предмет), а на крајот на годината останале нерешени 104 редовни предмети и 2 укинати предмети од 2017 год..

Кај прекршочните предмети приливот не е совладан за 81 предмет.

Во 2018 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Решен е вкупно 591 предмет, од кој во постапка по жалба 21 или 3,5 % е потврден, 5 или 0,8 % се преиначени, 6 или 1 % се укинати и 1, или 0,1 % е делумно укинат.

Во извештајната година се примени и 4 ”ПРК-Р” предмети, кои се решени.

### 4. Кривичен совет вон главна расправа (“КС”):

Во 2018 година во работа имаше вкупно 136 предмети од надлежност на кривичниот совет вон од главна расправа, од кои 5 се нерешени предмети од претходната година, односно во работа беа: 128 “КС-КР” предмети, 4 “КПОВ” и 4 “ПРК-ПОВ”. Од нив се решени 126, а останале нерешени 10 предмети, сите“КС-КР” предмети од 2018 год..

Примени се и вкупно 5 предмети со одлуки по жалба, од кои 3 се потврдени, 1 преиначен и 1 укинат.

### 5. Извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал (“ИПРК”):

Во 2018 година судот постапуваше во 409 извршни-прекршочни „ИПРК“ предмети, од кои 2 се нерешени од претходната година. Решени се 389 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 20 предмети (19 предмети од 2018 год. и 1 од 2017 год.).

### 6. Извршување на кривични парични казни, трошоци и пушал (“ИКП”):

Во извештајната година судот постапуваше во 74 „ИКП“ предмети, од кои 2 се остаток од претходната година. Решени се 69 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 5 предмети, сите од 2018 год.

### 7. Повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни) “КУИКП”, прекин на издржување на казна “ПК” и извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки “ИСАМ”:

Во минатата 2018 година во работа имаше вкупно 41 “КУИКП” предмет, од кои 20 се од претходната година, а 21 е новопримен предмет. Решени се 23 предмети, а останале нерешени 18 предмети (1 од 2011 год., 1 од 2013 год., 1 од 2015 год., 3 од 2016 год., 7 од 2017 год. и 5 од 2018 год.). Освен тоа, истата година се примени 3 “ИСАМ” предмети, од кои 1 е решен, а 2 останале нерешени. Примени се и 3 “ПК” предмети (прекин на издржување на казна) и сите се решени.

### 8. Замолници од кривична област (“ЗАМ-К”):

Во изминатата 2018 година се примени и 3 замолници во кривичната област, колку што вкупно и биле во работа и сите се решени.

## *Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:*

### 1. Граѓански предмети: парнични (“П1”, “П2”, “П3”, “П4”, “П5”, “ПЛ1-П”, “МАЛВП” и “РО”):

Во 2018 година судот во работа имаше вкупно 287 редовни граѓански (парнични) предмети, од кои 238 се новопримени, а 49 се нерешени предмети од претходната година. Од овие предмети е решен 221 предмет, а останале нерешени 66 предмети. Приливот кај парничните предмети не е совладан за 17 предмети. Заедно со повторно заведените парнични предмети (по редовен и вонреден правен лек и други причини) во извештајната година имаше во работа вкупно 329 парнични предмети, од кои се решени 254 предмети, а нерешени останале 75 предмети, од кои 9 укинати по редовен правен лек, при што 1 е од 2016 год., 6 се од 2017 год. и 2 се од 2018 год.

Во 2018 година квалитетот во пресудувањето кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 254 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 76 или 30 %, нема преиначени и 24 или 9,4 % се укинати.

### 2. Вонпарнични (“ВПП”, “ВПП1”, “ВПП2” и “ОДС”), разни вонпарнични предмети (“РВПП”) и оставина по приговор (“О1”):

Во 2018 година во работа имаше вкупно 367 редовни вонпарнични предмети, од кои 360 се новопримени, а 7 предмети се заостаток од минатата година. Од нив се решени 233 предмети, а нерешени останале 134 предмети (118 “ВПП” предмети за определување надомест за експроприрана недвижност, 1 „ОДС“ предмет за одземање на деловна способност, 5 „ВПП2“ предмети за обезбедување на докази и 10 “ВПП1” предмети за физичка делба). Приливот на нови предмети не е совладан за 127 предмети. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови исл.) во работа имаше вкупно 380 вонпарнични предмети (324 предмети за определување надомест за експроприрана недвижност, 1 за дозвола за склучување на брак, 1 за чување на исправи, 24 за обезбедување на докази, 1 за одземање на деловна способност, 27 физички делби и 2 за уредување на меѓи), од кои се решени 240 предмети, а останале нерешени 140 предмети (1 физичка делба од 2016 год., 1 физичка делба од 2017 год., 1 надомест за експропријација од 2017 год. и 10 предмети за физичка делба од 2018 год., 1 предмет за одземање на деловна способност, 5 предмети за обезбедување на докази и 121 предмет за надомест за експроприрана недвижност од 2018 год.).

Во извештајната година имаше во работа и 46 “О1” предмет по приговор и по предлог за расправање на новопронајден имот од оставина и сите се решени истата година.

Квалитетот на одлучувањето во вонпарничните предмети е следен: Решени се вкупно 240 предмети, од кои во постапка по жалба е потврден 51 предмет, или 21,2 %, нема преиначени и 5 или 2 % се укинати.

Од решените 46 “О1” предметите во извештајната година ниту еден не е обжален.

Во извештајната година во работа имало и: 252 “РВПП”, 238 “ЗАВ-Х”, 1 ”ЗАВ”, 1 „ПОМ“ и 5 “ЗАМ-С” предмети (разни потврди, уверенија, заверки, дозволи, замолници исл.) и сите се решени.

### 3. Приговори против неправилности во извршувањето (“ППНИ”), дозволи на извршител (“ИДС”) и извршување по Законот за семејството (“ИЗС”):

Во 2018 година во работа имаше и: 23 предмети по приговор против неправилности во извршувањето (“ППНИ”), од кои се решени 22 предмети, а 1 останал нерешен; 2 “ИДС”-издадени дозволи, и 9 “ИЗС” (извршување по Законот за семејството) предмети, од кои се решени 8, а 1 предмет останал нерешен.

Во 2018 год. квалитетот на одлучувањето предметите е следен: Решени се 22 “ППНИ” предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 8, или 36,3 % и 3, или 13,6 % се укинати.

Нема обжалени „ИЗС“ предмети во извештајната година.

**4. Оставина (“О”)-предмети доверени на нотарите:**

Во 2018 година во работа имаше вкупно 883 оставински предмети доверени на нотарите, од кои се решени 146, а останале нерешни 737 предмети. Во истата година е примен 341 нов оставински предмет, од кои се решени 137 предмети. Приливот на нови остависнки предмети од нотарите не е совладан за 204 предмети. Ажурноста и динамиката во решавањето на остависнките предмети и совладувањето на приливот на нови предмети од нотарите не задоволува.

**РАБОТА СО АРХИВИРАНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2018 година е посветено потребното внимание на класификувањето, означувањето, средувањето, издвојувањето и депонирањето на архивираните предмети во судската архива.

**КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА:**

Во изминатата година се продолжи со редовното внесување на податоците во казнената евиденција во електронска форма, согласно со Правилникот за начинот на водењето, уредувањето и чувањето на казнената евиденција ("Сл. в.на РМ, бр.111/14).

## II. Извештај за човечки ресурси:

**1. Организациската поставеност и систематизација (судии и други вработени):**

Основниот суд Крива Паланка е суд со основна надлежност во смисла на чл.30 од Законот за судовите, основан за подрачјето на Општините Крива паланка и Ранковце. Работата во судот е организирана во два оддели-кривичен и граѓански, со вкупно 6 (шест) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, до 30.07.2018 год., колку што се и систематизирани со одлуката на Судскиот совет на Република Македонија од 26.11.2015 год. Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, сметано од 01.08.2018 год. еден судија е упатен времено да ја извршува судиската функција во Основниот суд Скопје II-Скопје. На кривичниот и на граѓанскиот оддел беа распоредени по тројца судии, до 30.07.2018 год., а од 01.08.2018 год. на граѓанскиот оддел работеа двајца судии. Судско-административната работа во рамките на одделите се извршува во следните судски писарници: приемна писарница (прием на поднесоци, писмена итн. за двата оддели); кривична (полнолетни) писарница; прекршочна писарница; писарница за извршување на кривичните санкции; писарница за извршување на прекршочните санкции; писарница за казнена евиденција; парнична писарница, и вонпарнична (со оставина) писарница. Доставната служба, службата за информатика, службата за финанасиско и материјално работење, судската полиција и техничкиот и помошниот персонал се организирани како логистика за работа на двата судски оддели, односно судот во целина. Во текот на годината, во судската служба на судот беа вработени вкупно 29 лица, од кои: 1 раководител на судски оддел, 1 советник (информатичар), 1 помлад соработник (информатичар), 5 судски соработници, 3 самостојни судски референти (сметководител, прием и експедиција на судска пошта и водител на кривичната (полнолетни) писарница и писарницата за извршување на кривичните санкции), 1 виш судски референт (благајник), 5 судски референти (дактилографи), од кои на еден му престана вработувањето поради пензионирање заклично со 31.12.2018 год., 2 судски референти (извршители на работи и задачи во парничната и вонпарничната и оставинска писарница), 1 помлад судски референт (извршител на работи и задачи во судска прекршочната и писарницата за извршување на прекршочните санкции), 3 помлади судски референти-доставувачи (од кои двајца се пензионирани во текот на годината-едниот на 21.02.2018 год. а другиот на 03.09.2018 год.), 4 припадници на судската полиција, од кои на еден му престана вработувањето на 19.07.2018 год., согласно со чл.110,

ст.1, алинеја 7 од Законот за судска служба (во судот не е назначен командир на судската полиција) и 2 хигиеничарки, од кои едната е пензионирана на 24.07.2018 год. Со завршување на 2018 год. судската служба на судот остана со вкупно 24 вработени. Истовремено, во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Крива Паланка, СУ.бр.60/15 од 17.02.2015 год. и СУ.бр.265/18 од 08.11.2018 год. за судската служба се предвидени вкупно 59 работни места, од кои: 47 за судски службеници (5 раководни, 14 стручни и 28 помошно-стручни судски службеници), 5 за вршење на технички и помошни работи (1 хаусмајстор-одржувач на систем за топловодно греење, 3 хигиеничари и 1 возач) и 7 за судската полиција (командир, заменик-командир и 5 припадници на судската полиција).

### 2. Планирани и реализирани вработувања:

За 2018 година, во Годишниот план за вработување беа предвидени 5 вработувања, од кои: 1 судски соработник, 2 помлади судски референти-доставувачи, 1 судски референт-дактилограф и 1 хигиеничар. Од планираните 5 вработувања ниту едно не е реализирано, а на крајот од декември 2018 год. е започната постапка со објавување на јавен оглас за вработување на 1 судски соработник и 1 помлад судски референт-доставувач, на неопределено време, за кои работни места Министерството за финансии достави известување дека се обезбедени финансиски средства во буџетот за 2018 год.

### 3. Споредба на планирани и реализирани обуки на вработените. Оценка на ефектите од обуките во смисла на подобрен квалитет на обуките, посебно во примената на процесното и материјалното право:

Обуките на вработените во Основниот суд Крива Паланка се одвиваа согласно со Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители-Скопје. На обуките зедоа учество судиите и судските службеници (судски соработници и помошно-стручни службеници) од кривичниот и граѓанскиот оддел. Особено корисни за судиите од кривичниот оддел беа обуките на тема: “Прекршоци од областа на животната средина”, “Специфични аспекти од ЗКП” и “Примена на Истанбулската конвенција”, а за судиите од граѓанскиот оддел обуките на темите: “Примена на Законот за експропријација со посебен осврт на утврдување на надомест за експроприраниот имот” и “Вештини и итервјуирање на децата жртви и сведоци на насилство”. Обуките беа реализирани согласно со специјализацијата, пројавениот интерес и афинитети на судиите и судските службеници, како и потребите на работниот процес на судот.

## III. Извештај за усогласување на судската пракса

### 1. Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса:

Основниот суд Крива Паланка нема оддел за судска практика. Карактеристичните прашања околу примената на прописите, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно (најмалку еднаш месечно) се изнесуваат на седниците на судиите и седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел. При редовната годишна контрола на работата на судот од страна на Апелациониот суд Скопје, на заедничка седница се разјаснуваа определени правни прашања и дилеми по барање на судиите на Основниот суд Крива Паланка и се изнесуваа ставови на судиите од повисокиот суд од интерес за воедначување на судската практика во определени специфични правни случаи и единствената примена на законите.

## IV. Извештај за односи со јавност

**1. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање:**

До Канцеларијата за односи со јавност во текот на 2018 год. беше поднесено само едно барање, по кое судскиот портпарол постапи во предвидениот рок и податоците беа доставени до барателот.

**2. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање:**

Во 2018 година се поднесени вкупно 13 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, сите во писмена форма. Информациите до барателите се доставени во писмена форма и на E-mail во законскиот рок. Досега во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер не се поднесувани жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. По барањата постапува определеното службено лице за тоа-судски соработник, кој одговорите ги дава по извршени консултации со судските писарници, раководителот на судски оддел, судиите, претседателите на одделите и претседателот на судот.

**3. Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет:**

Во 2018 година од страна на Основниот суд Крива Паланка е објавена вкупно 421 анонимизирана одлука. Анонимизираните одлуки се објавуваат преку модулот за анонимизација и публикација вграден во АКМИС и се наоѓаат на новиот портал на Основен суд Крива Паланка, до кој може да се пристапи преку www.oskrpalanka.mk.

**4.Објавени соопштенија за јавност, прес-конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот**

На 25.10.2018 год. Основниот суд Крива Паланка го одбележа Европскиот ден на граѓанската правда со организирање и одржување на симулирано судење за присутните лица на судот. По тој повод беа поканети и учениците од Училиштето за средно образование „Ѓорче Петров"-Крива Паланка, кои ги разгледаа судските писарници, судниците и судиските кабинети и се запознаа со работните процеси во судот и со неговата надлежност.

Тргнувајќи од постулатите за отворено и објективно информирање на јавноста, во смисла на чл.102 од Судскиот деловник, во текот на април 2018 год. е презентирано соопштение за јавноста на медиумот Телевизија "К3", преку кое се даде отчет за работата на Основниот суд Крива Паланка за 2017 година. Оваа соопштение, како и позначајните акти на судот (распоред за работа, куќен ред на судот, план за јавни набавки исл.) се објавени на веб-страната на судот.

## V. Извештај за информатички технологии

**1. Извештај за активностите во делот на ИКТ**

Во 2018 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

-Детална проверка, дијагностика и решавање на компјутерски проблеми;

-Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот;

-Одржување на судската мрежа;

-Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите;

-Секојдневна помош на судските службеници во работата при случаи на појавени проблеми во програмата АКМИС;

-Ажурирање на WEB-страната на судот, со контрола за редовно објавување на анонимизираните одлуки и соопштенија и информации од јавен карактер;

-Изработка на месечен извештај за бројот на тонски снимања кои се одржани во граѓанскиот оддел, извештај за вкупниот број на тонски снимања на рочишта по судии, бројот на извршени електронски достави во месецот, вкупниот број на донесени и објавени анонимизирани одлуки на web-страната на судот;

-Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;

-Дневен Backup на SQL базата од програмата АКМИС;

-Backup процедура на виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp. Дневна копија од спроведената backup процедура од претходниот ден на надворешен диск;

-Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;

-Инсталација на потребен софтвер и драјвери;

-Скенирање на поголемите поднесоци кои се доставени до приемното одделение преку системот за електронски прием на поднесоци;

-Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер;

-Поставување на хардверската опрема од спроведените јавни набавки;

-Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на www.oskrpalanka.mk, исл.

**2. Примена на програмски апликации во судот, што е сменето, доградено, воочени проблеми, предлози за подобрување.**

Во Основниот суд Крива Паланка работата се одвива целосно во програмата АКМИС, од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките, евиденцијата на редовните и вонредните правни лекови и одлуките донесени по нив. Последната верзија на АКМИС, која е инсталирана од "ЕдуСофт" потекнува од 2018 година.

Граѓанските рочишта се проследени со тонски снимања преку програмата "ФЕМИДА".

Од април 2016 година во програмата АКМИС е додаден модулот за анонимизирање на судските одлуки, преку кој се извршува анонимизирањето и публикувањето на анонимизираните одлуки.

За приемот и доставата на поднесоците се користи системот за електронски прием на поднесоци преку кој се внесуваат поднесоците во скенирана форма во АКМИС.

Во сметководството се користи програмата АБМС-Автоматизиран Буџетски Менаџмет Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во сметководството се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи.

На компјутерите кои се прикачени во мрежата на Основниот суд Крива Паланка е инсталирана антивирусната програма Kaspersky Endpoint security for Windows.

Работата на компјутерите кои имаат 256MB-1GB RAM е видно успорена со инсталација на антивирусниот пакет кој се користи. Потребна е надоградба на RAM меморијата на тие компјутери до барем 2GB RAM меморија за побрзо функционирање на истите, се' со цел да нема успорување во текот на работата.

Официјалната поддршка со надоградби исл. на оперативниот систем Windows XP, кој се користи на повеќето компјутери во судовите заврши на 8 Април 2014 година и со тоа целосно се зголемува нивото на потенцијални ризици од безбедносен аспект.

За 2019 година треба да се размислува за целосна обнова на хардверот, бидејќи најголем дел од опремата е веќе амортизиран .

## VI. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

### 1. Анализа на состојбата и предлози за подобрување:

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 47 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 год., кој е реконструиран во 2003 и 2009 година. Во 2003 год. е извршена надградба со изградба на уште еден-IV кат и обновување на фасадата. Влезната партија е доуредувана во 2003 год. и 2009 год., со изградба на настрешница и пристапна патека за лица со посебни потреби (истата е без ограда). Во 2015 год. на влезната партија е уреден простор за паркирање на велосипеди, согласно со законските задолженија. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Старите прозорци се заменети со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, освен во судиницата I на првиот кат, како и судницата IV и една работна просторија на вториот кат. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат (преуреден дел од ходникот), со инсталирани два климатизери. Најголем дел од судските простории се климатизирани. Внатрешните простории од приземјето до четвртиот кат не се покриени со видео-надзор, поради дотраеност на системот. Метал-детекторот на влезот од зградата, кој е донација на УСАИД, не е во функција повеќе од пет години, бидејќи дефектниот дел не може да се набави на нашиот пазар (истиот е од американско производство). Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари, а во 2015 година е комплетно средувана и доуредена со метални полици. Судот е опремен со уреди за противпожарна заштита, кои се обновени и испитани во 2017 година. Во истата година е извршена и помала реконструкција на електричната инсталација, со поставување на автоматски осигурувачи. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат, со исклучок на една работна просторија и судницата IV. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Крива Паланка е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, без учество во надоместот на трошоците. Обвинитеството користи и една подрумска просторија за својата архива. Просториите во судската зграда не се варосувани над 18 години, освен осум простории и ходникот на третиот кат, кои се варосани во јули 2016 год., кога е реконструиран амортизираниот под на четири работни простории, со поставување на ламинатен под. Во истиот месец е извршена поправка на доводната мрежа од санитарниот јазол на четвртиот кат. Во во текот на 2017 година се варосани сите просториите на четвртиот кат. Во првата половина од 2018 год. се набавени 10 нови канцелариски фотељи, а во втората половина на 2018 година е извршена адаптација на дел од административниот простор на третиот кат со уредување на два судиски кабинети, поставени се нови 9 врати и ламинатен под во две работни простории, кабинетот на претседателот на судот и работната просторија на неговиот технички секретар, како и ходникот и извршено е преуредување на санитарниот јазол на овој и на првиот кат.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

-Реконструкција на електричната инсталација, заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар, дефекти и ненадејно исклучување поради големиот број потрошувачи на електрична енергија (компјутери, скенери, печатачи, сервери, климатизери исл.);

-Поправка или замена на метал-детекторот на влезот од судската зграда;

-Набавка и инсталација на нов систем за видео-надзор, бидејќи постоечиот е стар, неисправен и целосно вон од функција (во 2018 год. судот спроведе три неуспешни постапки за јавна набавка на систем за видео-надзор, кои беа поништени)

-Инсталирање на опрема за тонско снимање во останатите три судници,

-Поставување на ограда на пристапната патека за лицата со посебни потреби;

-Замена на старите прозорци на судиницата I на првиот кат, како и на судницата IV и работната просторија на вториот кат, со нови, изработени од ПВЦ профили и термопан стакло, и

-Варосување на судскиот простор на приземјето, првиот и вториот кат.

## VII. Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите во судот. Споредба на тековната опременост со стандардната:

Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста се грижат преостанатите три припадници на судската полиција. Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е можно да се организира. Судската полиција нема командир, а со негово назначување и со вработување на уште најмалку еден припадник ќе се овозможи прописно организирање на нејзината работа.

Судот поседува метал-детектор, кој се наоѓа на влезот од судската зграда, но не е во функција повеќе од 5 години, поради дефект, па е нужно негово оспособување, или замена. Дефектот досега не е отстранет, бидејќи делот кој треба да се замени не може да се најде на нашиот пазар (метал-детекторот е од американско производство).

Бидејќи стариот систем за видео-надзор е амортизиран потребно е да се спроведе постапка за јавна набавка на нов систем за видео-надзор, кој ќе ги покрива сите витални површини на судот.

Електричната инсталација е стара околу 47 години. Заради честите прекини на електричната енергија поради преоптовареност и дотраеност на мрежата, во 2017 год. се поставени нови-автоматски осигурувачи, за да се намали ризикот од дефекти, загревање и пожар, меѓутоа проблемот од безбедносен аспект долгорочно не е решен.

Климатизерите во серверската просторија во 2017 год. се заменети со нови и се обезбедени условите за оптимална работна температура на електронската опрема.

Опремата за противпожарна заштита не беше испитана повеќе од 8 години и во текот на 2017 год. истото е сторено, така што е целосно оспособена.

Судската зграда не беше осигурана, а во 2017 година и тоа е спроведено.

## VIII. Извештај за јавни набавки-извршени и планирани

### 1. Централизирани, предмет на набавка:

Во 2018 год. се спроведени три централизирани јавни набавки, и тоа едната за набавка на стоки-хартија за печатење (постапката за јавна набавка е спроведена од Апелациониот суд Скопје), втората за услуги од мобилната телефонија и третата за услуги од интернет (постапките се спроведени од Судскиот совет на Република Македонија).

### 2. Сопствени набавки, број на огласи, избрани добавувачи по предмет на набавка, вредност на набавките:

Во извештајната година Основниот суд Крива Паланка спроведе постапка за јавна набавка по следните огласи:

2.1. Оглас бр.1/2018 за јавна набавка на масло за горење-ЕЛ (екстра-лесно), во количество од 12.000 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор "Супертрејд", ДОО-Скопје, ул."Борис Трајковски", бр.68, со вредност на договорот од 390.600,00 ден , со вклучен ДДВ, во износ од 460.908,00ден.и за јавна набавка на гориво (моторни возила)-еуродизел-БС, во количество од 1.900 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор а.д. за промет со нафта и нафтени деривати "Макпетрол"-Скопје, ул."Св. Кирил и Методиј", бр.4, со вредност на договорот во износ од 91.770,00 ден , со вклучен ДДВ, во вклупен износ од 108.289,00 ден.;

2.2. Оглас бр.2/2018 за јавна набавка на печатени материјали по нарачка и канцелариски материјали, по кој се склучени договори со следните економски оператори:

-Друштво за трговија, преоизводство и услуги "Опиком" ДООЕЛ- Пробиштип (за

набавка на печатени материјали по нарачка), со вредност на договорот во износ од 33.370,00 ден. , со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 39.377,00 ден., и

-Друштво за трговија, преоизводство и услуги "Опиком" ДООЕЛ- Пробиштип (за набавка на канцелариски материјали), со вредност на договорот во износ од 25.323,00 ден , со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 29.881,00 ден.;

2.3. Оглас бр.3/2018 за јавна набавка на тонери за ласерски печатачи, по кој е склучен договор со економскиот оператор Друштво за производство, промет, трговија и услуги "Триникс" ДООЕЛ-Скопје, со вредност на договорот во износ од 42.400,00 ден, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 50.032,00 ден.;

2.4. Оглас бр.4/2018 за јавна набавка и поставување на ламинат во судиски кабинети на третиот кат од судската зграда, по кој е склучен договор со економскиот оператор Друштво за производство, трговија и услуги „БЕ-ЕН ХОЛДИНГ" ДООЕЛ, увоз-извоз, Крива Паланка, со вредност на договорот во износ од 54.400,00 ден., со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 64.192,00 ден.;

2.5. Оглас бр.5/2018 за јавна набавка на канцелариска опрема- 10 канцелариски фотелји, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало "Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ", ДООЕЛ, увоз-извоз, Прилеп, со вредност на договорот во износ од 40.500,00 ден, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 47.790,00 ден., и

2.6. Оглас бр.9/2018 за јавна набавка, испорака и монтажа-поставување на 9 внатрешни врати во судската зграда, по кој е склучен договор со економскиот оператор Трговско друштво за производство, трговија и услуги „СИТИ ЛОГИСТИКС 2011", Скопје, со вредност на договорот во износ од 84.000,00 ден., со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 99.120,00 ден.

Сите наведени јавни набавки се содржат во Планот за јавни набавки за 2018 година.

## IX. Извештај за извршување на буџет на судот и финансиска анализа

### 1. Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет:

Во периодот од 01.01.2018 год. до 31.12.2018 година направени се расходи во вкупен износ од 19.685.959,00 ден., од кои најголем дел, и тоа: во износ од 12.423.454,00 денари за плати, додатоци на плати и персонален данок од плати и надоместоци, 4.594.362,00 денари за придонеси од плати и 45.300,00 денари за надоместоци за дежурства на вработените.

Трошоците за материјални расходи на судот во 2018 година се во вкупен износ од 2.072.347,00 денари, од кои 1.939.189,00 денари од буџетската сметка и 133.158,00 денари од сметката за приходи финансирани од органи (сметка 631-10). Исто така направени се и расходи за плаќање по судски решенија во износ од 194.270,00 денари по тужба од страна на припадниците на судската полиција во Основниот суд Крива Паланка за додатоци на плата. За исплата на испратнини при пензионирање на вработени во 2018 година исплатени се средства во износ од 145.124,00 денари. За реконструкција на судската зграда беа потрошени средства во износ од 163.312,00 денари, и тоа за реконструкција на под и поставување на ламинат на третиот кат од судската зграда во износ од 64.192,00 денари и за замена на врати 99.120,00 денари. Во текот на 2018 година се направени и расходи во износ од 47.790,00 денари за набавка, односно купување на канцелариска опрема – фотелји.

Планираниот буџет за 2018 година изнесуваше 25.573.000,00 денари, од кои најголем дел, и тоа 20.365.000,00 денари беа планирани за исплата на плати на вработените, како и за плати за нови вработувања. Останатиот износ од планираниот буџет во износ од 3.082.000,00 денари беше предвиден за материјални расходи и 1.836.000,00 за капитални

расходи на судот.

Со годишната распределба на буџетот за 2018 година од страна на Судскиот буџетски совет на Основниот суд Крива Паланка му беа одобрени средства во вкупен износ од 20.155.992,00 денари, од кои за плати, придонеси од плати, даноци од плати и надоместоци во износ од 17.063.116,00 денари и за материјални расходи во вкупен износ од 2.391.500,00 ден., од кои 2.029.500,00 ден. одобрени од буџетската сметка на судот и 362.000,00 ден. одобрени од сметката за приходи финансирани од органи (сопствени приходи). За исплати по судски решенија и испратнини при пензионирање на вработени беа одобрени средства во износ од 339.394,00 денари и за капитални расходи 361.982,00 денари.

Заклучно со 31.12.2018 година Основниот суд Крива Паланка има вкупно неподмирени обврски во износ од 1.480.713,00 денари, од кои:

-1.339.523,00 денари се обврски спрема вработените и истите претставуваат пресметани, но неисплатени плати, придонеси и персонален данок од плати за месец декември 2018 година;

-1.297,00 денари се обврски за неисплатени камати по декларација за плати за месец декември 2018 год., а се однесуваат за ненавремено плаќање на придонеси од 2018 година од пресметан и исплатен додаток на плати на судиите во Основниот суд Крива Паланка за месеците септември и октомври 2018 година;

-6.000,00 денари се обврски спрема вработените за неисплатени надоместоци за дежурства и персонален данок од дежурства за месец декември 2018 година;

-200,00 денари се обврски спрема вработените за неисплатени патарини за месец декември 2018 година, и

-133.693,00 денари се неподмирени обврски спрема добавувачи во земјата,кои всушност се тековни обврски на судот од месец декември 2018 година (струја, вода,телефон,пошта и сл.).

**2. Споредба на остварена цена на чинење на судски предмет во споредба со планираното.**

Во октомври 2015 год. е отпочнат процесот на надградба на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС), со инсталирање на нов модул за пресметка на цената на чинење на судските предмети. Овој процес сеуште не е завршен и наведениот модул не е оперативен. Поради тоа, и за 2018 год. Основниот суд Крива Паланка не беше во можност да ја утврди цената на чинење на одделните судски предмети.

**3. Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.**

Освен горенаведените ненамирени тековни обврски, кои ќе бидат подмирени во текот на месец јануари 2019 година, судот нема други обврски во поглед на отплата на долгови.

Претседател на судот,
Анкица Димитровска